РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-353/3
02 .2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 60-тата седница одржана на 28.01.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-353/1 од 20.01.2020 година, против -------------------------------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување од причина што со пријавата не се опфатени службени лица.

Предметот со број 12-353/1 од 20.01.2020 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познати подносител, на ден 20.01.2020 година, поднесена е пријава против --------------------------------------------- и оформен е предмет број 12-353/1 од 20.01.2020 година.

Во пријавата подносителот наведува дека поднесува барање за проверка на пријавеното правно лице. Имено, подносителот во декември 2019 година побарал отписница од --------------- и тврди дека имал положено три предмети, но после проверка на неговото досие тие тврделе дека има посетувано седум предмети, а пет положени, по што не можел да најде решение на проблемот кој настанал и не му се вратени уплатените финансиски средства. Подносителот наведува дека се обратил до Министерството за образование и наука од каде што го упатиле да се обрати до Државниот просветен инспекторат, а во продолжение дава образложение и пресметки за износот на парични средства кои смета дека треба да му бидат вратени од високообразовната установа.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека пријавените лица од --------- не се службени лица во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: Г.Т, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**